Дневни билтени



## Извадок на дел од дневни настани 15.02.2019

На 14.02.2019 година во 13.00 часот на улица „Индира Ганди" во Скопје, патничко возило „Форд фокус" со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.Ш.(23) од Скопје, удрило во пешакот С.Д.(57) од Скопје. С.Д. се здобила со тешки телесни повреди и со истото возило била пренесена во комплексот клиники „Мајка Тереза". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 14.02.2019 година во периодот  од 13.30 до 15.30 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во домот на К.Н.(64) во село Глоѓи, тетовско. При претресот биле пронајдени и одземени 185

куршуми за пиштол калибар 7,62 милиметри и 40, исто така, куршуми за пиштол, калибар 6,35 милиметри, за кои К.Н. не поседувал соодветна документација. К.Н. бил лишен од слобода и задржан во Полициската станица Тетово за понатамошна постапка.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против С.Ч.(27) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори''. На 14.10.2018 година на улица „Панче Поповски" во Гостивар полициски службеници извршиле преглед над пријавениот и над М.О.(24) од Гостивар, при што кај пријавениот пронашле и одзеле марихуана.

Одделението за имотни деликти Карпош и Ѓорче Петров ќе поднесе кривична пријава за кривично дело "кражба" казниво по член 235 од КЗ на РМ, против Б.Ќ.(40) од Скопје. На 11-ти декември минатата година пријавениот во автобус 22 на ЈСП од лице од Скопје одзел паричник во кој имало 30,000 денари, лични документи и картичка од банка.

На 14.02.2019 година во 17.20 часот во Полициската станица Аеродром, М.Р.(26) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 11.45 часот на улица „Венјамин Мачуковски" била касната од куче скитник во пределот на нозете.

На 14.02.2019 година во Полициската станица во Кичево, В.Н. (40) од кичевското село Другово пријави дека на 13.02.2019 година околу 13 часот во селото бил нападнат и каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

Во текот на изминатот ден (14.02.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје се случиле вкупно осум сообраќајни незгоди од кои една сообраќајна незгода со тешки телесни повреди, три сообраќајни незгоди со телесни повреди и четири со материјална штета. Во сообраќајните незгоди едно лице се здобило со тешки телесни повреди и четири лица лица се здобиле со телесни повреди. Од преземените мерки и активности констатирано е дека 37 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени осум возачи од кои: тројца возачи затоа што управувале возило под дејство на алкохол, четворица управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и еден возач затоа што бил возач-почетник. Исто така исклучени од сообраќај се и седум возила бидејќи шест биле нерегистрирани и едно возило било технички неисправно. Санкционирани се пет возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, осум поради неправилно престројување, пет поради непоседување пропишана зимска опрема, шест поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и осум возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се двајца пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин и еден пешак поради поминување коловоз на црвено

светло. Во текот на изминатиот ден издадени се 99 мандатни платни налози и 80 возила се подигнати со специјално возило "пајак".

На 14.02.2019 година во 13.00 часот во СВР Струмица е пријавено дека на подножјето на планината Огражден, на место викано „Крива топола", атар на село Иловица, П.Т.(30) од село Иловица управувајќи моторцикл - крос „Сузуки" без регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал. Притоа, П.Т. се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа од СВР Струмица.

На 14.02.2019 година околу 22,20 часот, полициски службеници на Секторот за внатрешни работи Тетово на паркинг покрај автопатот Тетово - Скопје, забележале патничко возило „Опел астра" со тетовски регистарски ознаки, во кое се наоѓале Д.М.(39), А.М.(23), В.Ѓ (41) и Б.Ц. (41), сите од Тетово. При преглед во возилото и подоцна на А.М. пронајдена е марихуана и остатоци од кокаин. Лицата се лишени се од слобода и задржани за натамошна постапка. Пред лишувањето од слобода Д.М. нападнал полициски службеник. По документирање на случајот, ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 14.02.2019 година, полициски службеници во Секторот за внатрешни работи Битола извршиле контрола за брзина, зимска опрема, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, товарни возила, појас, светло и алкохол, во сите полициски станици при што биле контролирани 373 возачи и возила. При контролата, констатирано е дека 22 возачи го управувале возилото со поголема брзина од дозволената, осум возачи управувале без возачка дозвола, кај четворица возачи е откриено присуство на алкохол и истите се исклучени од сообраќај, 11 возачи се писмено опоменати, а на 56 возачи изготвени им се мандатни платни налози и против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави, а исто така, изготвени се и 19 прекршочни налози. Исто така, при контролата откриени се и други 80 прекршоци.

Секторот за внатрешни работи Скопје - Единица за недозволена трговија – Одделение за недозволена трговија со оружје и експлозивни материи, поднесе кривична пријава против Р.К.(57) од Скопје поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи", казниво по член 396 од Кривичниот законик. На 23.01.2019 година на улица „Ѓорче Петров" полициски службеници извршиле преглед на патничко возило, во кое бил пријавениот, при што пронашле и одзеле два пиштоли, две рамки и 100 куршуми.

На 15.02.2019 година околу 00.30 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на улица „Андон Славејко", во куќа сопственост на Б.К., настанал пожар. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Прилеп, а повредени лица нема. Увид ќе се врши во текот на денот.

На 14.02.2019 година во 05.20 часот, при преземање на службени дејствија на улица „Клинска" во Кавадарци, двајца полициски службеници биле физички нападнати од Г.Ѓ.(45) од Кавадарци. Г.Ѓ. бил лишен од слобода и задржан во Полициската станица Кавадарци. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.02.2019 година во 15.14 часот во СВР Скопје било пријавено дека во маркет во трговски центар во Скопје Д.К. (20) се обидел да изврши разбојништво. Сторителот со употреба на сила од еден од касиерите одзел пари, но кога сакал да излезе бил задржан од други вработени. Д.К.(20) е приведен во Полициската станица Центар за понатамошна постапка.

На 14.02.2019 година во 19.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, И.С.(38) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 18.30 часот на улица „Христијан Тодоровски-Карпош", во автобус на ЈСП бр. 19, двајца вработени во ЈСП како контролори физички го нападнале откако им рекол дека нема билет. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 14.02.2019 година во 18.00 часот во Полициската станица Аеродром, Ј.Г.(47) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 16.50 часот во двор на основно училиште на улица "Горно Лисиче" неговиот малолетен син бил физички нападнат од двајца негови соученици. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против Б.А.(17) од село Голем Папрадник поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,уцена". Во текот на декември 2018 година пријавениот во повеќе наврати се заканил на малолетна девојка, со која претходно бил во љубовна врска, дека доколку не му даде одредена сума на пари, на социјалните мрежи ќе објавел фотографии со експлицитна содржина.

На 14.02.2019 година во 14.00 часот во Полициската станица Чаир, Б.И.(58) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 10.00 часот на улица „Натанаил Кучевишки" го каснало куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 14.02.2019 година во 11.15 часот во Полициското одделение Сарај, А.Љ.(42) од село Ласкарци, скопско, пријавила дека на 13.02.2019 година околу 13.30 часот во кругот на основно училиште во село Ласкарци нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од соученици. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 14.02.2019 година во 19.35 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Ј.З.(22) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 16.50 часот на улица „Мечкин Камен" била касната од куче во пределот на нозете.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против В.З.(23) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 15.04.2018 година околу 03.30 часот во Прилеп, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против З.С.(33) од село Доброште, тетовско, поради постоење основи за сторено кривично дело „недозволено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 11.04.2018 година околу 20.30 часот во село Доброште, при преземање на службени дејствија од полициски службеници, фрлил кеса со марихуана и се дал во бегство.

На 14.02.2019 година во 16.03 часот во СВР Скопје, С.П. пријавила дека во близина на стадионот „Ѓорче Петров" неколку лица го нападнале нејзиниот малолетен син и му одзеле мобилен телефон и велосипед. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

(https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)